***Број: 02 - 18641/2***
***17.10.2008 година***
***С к о п ј е***

***ЗАПИСНИК***
***од XLI -та седница на Управниот одбор на***
***Фондот за здравствено осигурување на Македонија,***

*одржана на 17.10.2008 во 10.00 часот*
*во просториите на*
*Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

***Присутни членови на Управниот одбор:***

- *Д-р Снежана Костадиноска Милошеска, државен секретар во Министерството за финансии - претседател;*
- *Д-р Фисник Ибраими, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Страшо Наумоски, претставник од Лекарската комора на Македонија и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *М-р Борис Јосифовски, член на Извршниот одбор на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија - член;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, вработен во ЈЗУ Здравствен дом Битола, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*

***Отсутни членови на Управниот одбор:***

- *Г. Трајче Леов, претставник на Стопанска комора на Македонија - член;*
- *М-р. Марјана Лончар Велкова, претставник на Организацијата на потрошувачите на Македонија - член*

***Присутни од ФЗОМ:***

- *Георги Тренкоски, директор на ФЗОМ;*
- *Ромела Поповиќ Трајкова, помошник на директорот за финансии;*
- *Слаѓана Пешевска, помошник на директорот за секторот човечки ресурси (делумно присутна);*
- *Лазар Трајчев, помошник на директорот за правни работи (делумно присутен);*

- *Слаѓана Николовска, началник на одделението за фармација (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, дипломиран правник во својство на записничар*

*По покана од Управниот одбор, на седницата присуствуваше и Илчо Захариев - директор на Бирото за лекови.*

*Претседателот на Управниот одбор, Снежана Костадиноска Милошеска ја отвори седницата. Откако утврди дека се присутни пет членови на Управниот одбор со што се исполнети условите за полноважно работење и одлучување, го предложи следниот*

## *П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XL седница на УО одржана на 06.10.2008 година.*

1. *Пренамена на средства во буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година;*
2. *Инвестиции во јавните здравствени установи;*
3. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
4. *Извештај од ex-ante контролата за исплатата на плати на менаџерите во јавните здравствени установи;*
5. *Извештај од ex-ante контролата за извршувањето на дополнителната дејност во јавните здравствени установи;*
6. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
7. *Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје;*
8. *Гостување на директорот на Бирото за лекови Илчо Захариев;*
9. *Жалба од аптека НИМА, Гевгелија;*
10. *Разно.*

*Фисник Ибраими побара Управниот одбор да расправа за утврдувањето на претседател и да се објасни зошто ако во 2006 година претседател бил претставникот од Министерството за здравство, по истекот на една година не дошло до замена и претседател не бил претставникот од Министерството за финансии.*

*Управниот одбор го прифати предлогот и одлучи за ова да се расправа под точка 9 на дневниот ред, а предложената точка 9 да биде точка 10.*

*Директорот Тренкоски побара со оглед на меѓусебната поврзаност, точките 1 и 2 да се разгледуваат заедно.*

*Членовите на Управниот одбор се согласија со ова барање.*

*По овие дополнувања, членовите на Управниот одбор едногласно го усвоија следниот*

## *Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записникот од XL седница на УО одржана на 06.10.2008 година.*

1. *Пренамена на средства во буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година и Инвестиции во јавните здравствени установи;*
2. *Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година;*
3. *Извештај од ex-ante контролата за исплатата на плати на менаџерите во јавните здравствени установи;*
4. *Извештај од ex-ante контролата за извршувањето на дополнителната дејност во јавните здравствени установи;*
5. *Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
6. *Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје;*
7. *Гостување на директорот на Бирото за лекови Илчо Захариев;*
8. *Расправа за утврдувањето на преседател на Управниот одбор;*
9. *Жалба од аптека НИМА, Гевгелија;*
10. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките од дневниот ред.*

- *Усвојување на записникот од XL седница на Управниот одбор одржана на 06.10.2008 година;*

*Управниот одбор едногласно и без забелешки го усвои записникот од XL седница одржана на 06.10.2008 година.*

***ТОЧКА 1 -*** *Пренамена на средства во буџетот на Фондот за здравствено осигурување на Македонија за 2008 година и Инвестиции во јавните здравствени установи*

*Ромела Поповиќ Трајкова објасни дека се очекувало тендерот за опрема да не се реализира навремено па затоа во буџетот на Фондот беа предвидени 140 милиони денари за оваа намена. Предлогот од комисијата на Фондот е за 70 милиони зашто веќе наближува крајот на годината до кога средствата треба да се реализираат а е неизвесен ребалансот на државниот буџет. Во самото образложение од комисијата се наведени намените.*

*Фисник Ибраими укажа дека во комисијата што го изготвила предлогот за распределба немало претставник од Министерството за здравство. Министерството состави своја комисија која изготви поинаков предлог а во образложението се наведува и зошто Министерството не се согласува со предлогот на комисијата на Фондот. И во предлогот на комисијата на Министерството не се внесени точните износи зашто сеуште не е познато*

*колку вкупно средства ќе има за распределба. Потоа на членовите на Управниот одбор им го подели предлогот од комисијата на Министерството.*

*Откако го разгледа предлогот и забелешките, Снежана Костадиноска Милошеска рече дека повеќето забелешки изгледаат издржани.*

*И директорот Тренкоски се согласи со тоа и ја потврди потребата да се има финален износ на средства за да може да се направи распределба. Предложи комисијата на Фондот и комисијата на Министерството да се спојат за заеднички да изготват предлог за распределба.*

*Управниот одбор се согласи со предлогот по што донесе*

***Заклучок:** Да се земат предвид забелешките на Министерството за здравство на предлогот за распределба и комисијата на Фондот за здравствено осигурување на Македонија да работи заеднички со комисијата на Министерството на предлогот.*

***ТОЧКА 2 -** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година*

*Објаснување по оваа точка даде директорот Тренкоски. Наведе дека потребата за изменување на буџетските плафони е пред се поради тоа што премногу средства беа насочени кон Ургентниот центар, а се покажа дека голем дел од услугите кои таму требаше да се даваат, осигурениците ги добиваат на други клиники. Поради тоа, средствата од Ургентниот центар треба да се распределат на овие клиники. Клиниката за токсикологија треба да се зајакне за пресретнување на случаи на епидемии односно настани што создаваат потреба од третман на голем број лица како неодамнешното труење од слаткарница во скопската чаршија. И покрај овој ребаланс, веројатно за овие клиники ќе биде потребно уште еднаш финансиски да се зајакнат до крајот на годината но тоа ќе биде можно по ребалансот на државниот буџет. Што се однесува на Ургентниот центар, со сигурност тврдам дека одлично ќе функционира и со намалениот буџет.*

*Снежана Костадиноска Милошеска се согласи дека до крајот на годината ќе има потреба за уште еден ребаланс наведувајќи дека до неа било упатено писмо од Клиниката за анестезија реанимација и интензивно лекување во кое аргументирано се наведува дека сегашните средства нема да им бидат доволни до крајот на годината.*

*Фисник Ибраими истакна дека и според политиката на Министерството за здравство јавните здравствени установи и Клиничкиот центар треба финансиски да се зајакнат но тоа ќе се случи по ребалансот на државниот буџет.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја донесе предложената*

***Одлука***
***за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување буџетски плафони на јавните здравствени установи за 2008 година***

*Со која се зголемија буџетските плафони на клиниките за биохемија, за токсикологија, за инфективни болести, за трауматологија, за урологија, за дигестивна хирургија, за анестезија, реанимација и интензивно лекување и на клиниката за ортопедски болести, а се намали на Ургентниот центар.*

***ТОЧКА 3 -*** *Извештај од ex-ante контролата за исплатата на плати на менаџерите во јавните здравствени установи*

*Ромела Поповиќ Трајкова посочи дека во записникот од 61 седница на Владата на Република Македонија, за платите на менаџерите во јавните здравствени установи се препорачува да се движат помеѓу 35 и 45 илјади денари. Од ex-ante извештајот е евидентно дека тоа не е почитувано. Извештајот покажува дека има големи пречекорувања на висината на платите како и други неправилности, како на пример менаџери кои дежураат.*

*Снежана Костадиноска Милошеска осврнувајќи се на извештајот укажа а кон укажувањето се придружи и Љубиша Каранфиловски на дополнителните исплати кај јавните здравствени установи во Охрид кои се фрапантни. Поставија прашање чија е ингеренцијата за превземање на соодветни мерки кога ќе се констатираат вакви неправилности, дали на Фондот или на Министерството за здравство.*

*Според Фисник Ибраими, Фондот треба да укаже на неправилностите а доколку тие не се исправат да го извести и Министерството па и други државни органи како Министерството за внатрешни работи.*

*Лазар Трајчев укажа дека од правен аспект, Фондот нема ингеренции во работењето на јавните здравствени установи, туку како купувач на услуги за осигурениците се грижи за нивните потреби. Мерки треба да превземе Министерството за здравство а извештаите на контролите на Фондот за тоа може да му послужат.*

*По анализата на извештајот од страна на сите членови, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:***

- *До Владата на Република Македонија да се упати информација за утврдените неправилности во јавните здравствени установи кои се однесуваат на примањата на менаџерите.*

- *На Министерството за здравство да му се дадат сите информации од контролите во јавните здравствени установи што се однесуваат на примањата на менаџерите како би можело да преземе соодветни мерки.*

*Директорот Тренкоски ги запозна членовите на Управниот одбор и со извештајот на Државниот завод за ревизија што се однесува на Клиничкиот центар во Скопје. Укажа дека во овој извештај кој е доставен и до Фондот се констатирани големи незаконитости во работењето. Утврдено е дека 1,7 милиони евра се потрошени на начин кој не е во согласност со законските*

*прописи. Потоа наведе и одделни констатации за какви намени се трошени средства и дека Државниот завод за ревизија дал и препораки за постапување во врска со незаконитостите од кои некои се упатени и до секторот за финансии на Фондот. Смета дека и во врска со неправилностите констатирани од Државниот завод за ревизија во Клиничкиот центар во Скопје треба да се известат надлежните органи.*

*Управниот одбор ова го поддржа и едногласно донесе*

***Заклучок:***

*Министерството за здравство и Владата да се известат за неправилностите констатирани од Државниот завод за ревизија во Клиничкиот центар во Скопје.*

***ТОЧКА 4 -*** *Извештај од ex-ante контролата за извршувањето на дополнителната дејност во јавните здравствени установи*

*Ромела Поповиќ Трајкова ја образложи информацијата. Таа потсети дека во неколку наврати Управниот одбор расправал за неправилностите кај дополнителната дејност во јавните здравствени установи но сега имаме и изготвена информација. Формирана е и работна група која и понатаму ќе продолжи со следење на дополнителната дејност. Потоа детално ја објасни информацијата и одговараше на прашања од членовите на Управниот одбор. Нагласи дека најголемата неправилност кај дополнителната дејност е што целиот материјален трошок за нејзиното извршување повторно се фактурира на Фондот. Истакна дека важно прашање е и давањето услуги на неосигурени лица во дополнителната дејност. Го запозна Управниот одбор дека и Министерството за здравство има изготвено за Владата извештај за дополнителната дејност. Во овој извештај се препорачува јавните здравствени установи да организираат двосменско работење, да истакнат цени за дополнителната дејност како и да се утврди што се задолжително треба да се работи во редовното работно време. На крајот Ромела Поповиќ Трајкова предложи контролорите на Фондот со инспекторатот на Министерството за здравство да формираат заедничка комисија која ќе изготви извештај за дополнителната дејност за Владата.*

*Овој предлог беше прифатен и Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Да се иницира формирање заедничка комисија на Фондот и Министерството за здравство која ќе изготви извештај за дополнителната дејност во јавните здравствени установи за Владата.*

*Потоа членовите на Управниот одбор даваа свои гледања и забелешки во врска со ифомрацијата како и укажувања на кои аспекти од извршувањето на дополнителната дејност треба да се посвети внимание.*

*Борис Јосифовски укажа дека треба да се има прецизни податоци за бројот на извршени операции и по која цена се направени, Љубиша Каранфиловски дека дополнителната дејност може да се остварува и вон јавните здравствени*

*установи, а Фисник Ибраими дека дополнителната дејност се извршува и во текот на редовното работно време.*

*Директорот Тренкоски потсети дека Фондот е заинтересиран за финансискиот аспект на дополнителната дејност а тоа значи како се распределуваат остварените средства. Во западните земји е вообичаено 60% од приходот од дополнителната дејност да и припадне на болницата а 40% на тимот кој ја врши дејноста, додека кај нас дури 80% добива тимот.*

*На крајот на расправата, Управниот одбор едногласно го усвои Извештајот од ex-ante контролата за извршувањето на дополнителната дејност во јавните здравствени установи*

***ТОЧКА 5 -** Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

*Објаснување по оваа точка дадоа Слаѓана Пешевска и Лазар Трајчев.*

*Слаѓана Пешевска објаснувајќи го предлогот за работното место советник наведе дека тоа ќе биде лице пред се задолжено за координација на работата со подрачните служби. Ова од причина што подрачните служби односно нивните раководители имаат потреба од секојдневна комуникација со менаџментот на Фондот заради советување на која потреба често не може правовремено да и се излезе во пресрет. Советникот ќе ја има токму улогата да ја одржува секојдневната комуникација со подрачните служби.*

*Лазар Трајчев даде објаснување за предложениот Сектор за спроведување на меѓународни договори за социјално осигурување. Наведе дека работите од оваа област моментно ги врши одделение во рамките на секторот за правни работи иако порано во постоел посебен сектор. Значењето на работите од оваа област секојдневно се зголемува и особено ќе се зголемува како што земјата ќе се приближува кон членство во Европската унија. Поради тоа, сметаме дека особено поради очекуваната активност во иднина треба да се оформи посебен сектор.*

*Фисник Ибраими праша дали за овој сектор ќе бидат потребни нови вработувања, на што Слаѓана Пешевска објасни дека со ова се проектираат нови места чие пополнување ќе биде можно по одобрувањето на Министерството за финансии .*

*По ова, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилникот***
***за изменување и дополнување на Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија***

*со кој се извршени предложените измени.*

***ТОЧКА 6 -*** *Правилник за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје*

*Слаѓана Пешевска објасни дека измените во овој правилник се неопходни заради спроведување на измените во Правилникот за организација и систематизација на работните места во Фондот за здравствено осигурување на Македонија од точка 5. Имено, треба да се утврди висината на платите за новите работни места. Додаде дека се разгледува можноста во иднина и бодовите за работните места да се утврдуваат во истио правилник, но според сегашната состојба неопходна е измена и во овој правилник.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно донесе*

***Правилник***

***за дополнување на Правилникот за утврдување на висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија - Скопје***

***ТОЧКА 7 -*** *Гостување на директорот на Бирото за лекови Илчо Захариев*

*Снежана Костадиноска Милошеска објасни дека директорот на Бирото за лекови е поканет на оваа седница за на Управниот одбор да му го објасни системот на формирање на единствените цени на лекови, зошто има голема разлика помеѓу единствените и референтните цени на лекови и да го извести Управниот одбор за квалитетот на лековите што ги добиваат осигурениците на Фондот. Потоа му даде збор на директорот на Бирото за лекови Илчо Захариев.*

*Илчо Захариев укажа дека системот на цени е сложен и дека државното регулирање на цените на лековите е карактеристично за земјите од целиот регион. Во Република Македонија до донесувањето на Законот за лековите во 2007 година немавме регулатива за ова. Го нагласи значењето на овој закон зашто до неговото донесување постоеа големи разлики во цените и во маржите на аптеките и веледрогериите. По донесувањето на законот се зголеми изборот на лекови за секое фармаколошко подрачје а исто така може да се каже дека денес со лекови се покриени сите фармаколошки подрачја. Потешко е да се обезбеди конкуренција кај цитостатиците зашто кај нив 29 лекови се заштитени (иновативни) и нема можност за производство на генерички лекови. Потоа ги објасни и останатите активности на Бирото за лекови во насока на намалување на цените и зголемување на понудата на лекови по донесувањето на Законот за лекови.Укажа и на начините на кои имало обиди од веледрогериите да се прикаже повисока повисока цена како фабричка. Нагласи дека формирањето на цените на лековите е уредено со законот и на тоа особено се инсистирало за да не се остави простор за подзаконско уредување на оваа проблематика.*

*На крајот истакна дека формирањето на цените е тековна работа и дека треба и Фондот со утврдувањето на референтните цени веднаш да реагира*

*на промените. Ја истакна и потребата од честа консултација и координација помеѓу Фондот и Бирото.*

*На прашањето од Снежана Костадиноска Милошеска како се формираат единствените цени во земјите на Европската унија одговори дека тоа обично се прави врз основа на цените во три други земји на Унијата при што најчесто задолжително се зема цената и од една од поголемите земји членки.*

*Љубиша каранфиловски праша дали кај нас се размислува за систем на матични аптеки кој е присутен и успешно функционира на пример во Словенија на што Илчо Захариев одговори дека таквиот систем е поврзан со државна сопственост на аптеките. Кај нас аптеките се приватизирани што го оневозможува овој систем.*

*Илчо Захариев укажа и дека може да се каже дека одговорна фармација е контролираната фармација. Затоа, Бирото е постојано активно во контролите. Во врска со контролата на цените на лековите, Бирото ќе врши заеднички контроли со Управата за јавни приходи и за резултатите од контролите ќе го извести и Фондот.*

***ТОЧКА 8 -*** *Расправа за утврдувањето на преседател на Управниот одбор*

*Фисник Ибраими побара известување од Министерството за финансии дали продолжувањето на мандатот на претходниот претседател Аљбон Џемаили било договорено помеѓу двете министерства.*

*Снежана Костадиноска Милошеска наведе дека е член на Управниот одбор на Фондот од февруари 2007 година кога го заменила претходниот претставник на Министерството за финансии и дека по силата на законот ја преземала функцијата заменик на претседателот од својот претходник. Додаде дека ниту министерствата имале договор ниту пак таа во врска со тоа разговарала со претходниот претседател на Управниот одбор Аљбон Џемаили. Меѓутоа, прашањето за замена на претставниците на двете министерства веројатно не беше актуелизирано поради тоа што Аљбон Џемаили во два наврати беше подолготрајно на боледување. Тоа се актуелизира со неговата замена како претставник на Министерството за здравство. Потоа се обрати на Лазар Трајчев да даде објаснување на регулативата за ова прашање.*

*Лазар Трајчев истакна дека според законот претставниците на двете министерства треба да се менуваат на една година. Тоа е што се однесува на прописите а зошто Управниот одбор не иницирал замена не можам да кажам.Инаку, Управниот одбор на Фондот е единствен по тоа што претседателот не се именува од Владата туку со закон е утврдено кој е претседател и како тој се менува. Со замената на досегашниот претставник на Министерството за здравство кој беше претседател се постави и прашањето за утврдување на нов претседател.*

*Директорот Тренкоски наведе оти смета дека во поглед на овластувањата нема голема разлика.*

*Фисник Ибраими укажа дека му е важно законот точно да се спроведува па затоа и бара Управниот одбор да расправа по него.*

*Борис Јосифовски истакна дека овој состав на Управниот одбор е именуван од Владата во септември 2006 година. Од самиот почеток на работењето претседател е претставникот на Министерството за здравство. До именувањето на сегашниот претставник, ова Министерство имаше двајца претставници а г. Ибраими е трет. Сметам дека ако е грешка тоа што замената на претседателската функција меѓу претставниците на двете мионистерства не е правовремено извршена, уште поголема грешка е и по трет пат и во трета година на работењето на овој Управен одбор претседател да биде претставникот на Министерството за здравство.*

*По ова Снежана Костадиноска Милошеска побара од членовите на Управниот одбор да се изјаснат дали сметаат дека прашањето за утврдување на претседател треба повторно да се разгледува.*

*Фисник Ибраими се изјасни „за“ додека останатите присутни членови се изјаснија „против“ повторното ставање на ова прашање на дневниот ред.*

***ТОЧКА 9 -** Жалба од аптека НИМА, Гевгелија*

*Директорот Тренкоски објасни дека аптеката упатила жалба отако Комисијата за оценување на услови за изрекување на договорна казна на Фондот утврдила дека аптеката направила повреда на договорот со Фондот за која е утврдена договорна казна од 75.000 денари. Контролата на Фондот утврдила дека аптеката нема истакнато Одлука за висината на учеството на осигурените лица во цената на здравствените услуги и лековите додека од аптеката тврдат дека одлуката била истакната.*

*Борис Јосифовски читајќи го известувањето на Фондот укажа на наводот дека одлуката не била истакната „на видно место“, а е прашање што може да се смета за видно место. Додаде и дека штом аптеката издавала фискални сметки, не постои простор за злоупотреба на висината на учеството. Поради тоа смета дека постои можност за уважување на жалбата.*

*По ова, Управниот одбор едногласно ја уважи жалбата на аптеката НИМА од Гевгелија и одлучи од аптеката да не се бара да плати договорна казна.*

***ТОЧКА 10 –** Разно*

*Барање за плаќање од ТИПО АД во стечај*

*Лазар Трајчев објасни дека согласно заклучокот на Одборот на доверители на ТИПО АД во стечај, до Фондот е упатено барање за плаќање на паричен износ од 46.211,00 месечно за обезбедување на имотот на стечајниот должник. Имено, ТИПО АД во стечај има имот проценет на 20 милиони евра чија вредност треба да се зачува за да може доверителите да се намират во што поголем процент. Фондот е еден од најголемите доверители, а најголем е Управата за јавни приходи. За прашања поврзани со стечајните постапки,*

*Фондот секогаш се ориентирал според Управата за јавни приходи па и овојпат предлагаме тоа да биде така.*

*По објаснувањето, Управниот одбор едногласно одлучи да се плати бараниот износ за обезбедување на имотот на стечајниот должник доколку и Управата за приходи го плаќа својот дел утврден во заклучокот на одборот на доверители на ТИПО АД во стечај.*

*Барање за плаќање на заостанат долг на рати од Македонија Он Лине ДОО Скопје*

*Лазар Трајчев ги запозна членовите на Управниот одбор дека овој обврзник за плаќање на придонес против кој е поведена и судска постапка за наплата на долгот за неплатен придонес за здравствено осигурување бара да му се одобри плаќање на 15 рати поради неможноста наеднаш да го плати целиот долг. Инаку, со Одлуката за овластување на централната служба е дадена можност за плаќање на 15 рати но со обезбедена банкарска гаранција при што се дозволува и издавање на потврди за платен придонес - сини картони. Бидејќи должникот не е во состојба да обезбеди банкарска гаранција бара до целосното намирување на долгот да не се издаваат сини картони.*

*По ова, Управниот одбор едногласно одлучи на Македонија Он Лине да и се дозволи плаќање на долгот на 15 рати по склучување на судско порамнување, и до целосното плаќање на долгот да не се издаваат потврди за платен придонес.*

*Барање за плаќање на заостанат долг на рати од 11 Октомври - Еурокомпозит од Прилеп*

*Лазар Трајчев го објасни и барањето од 11 Октомври - Еуроламинат од Прилеп. Наведе дека тоа е акционерско друштво во целосно државна сопственост кое произведува производи со посебна намена. Фондот за наплата на долгот од овој обврзник има поведено судска постапка. 11 Октомври - Еуроламинат бараат долгот да го платат на 80 рати и за вработените да се издаваат сини картони како и да им се рефундираат средствата на вработените кои користеле здравствена заштита на свој трошок кога од работодавачот не бил платен придонесот. Исто така бараа да бидат ослободени од плаќање на камата но им беше укажано дека тоа не е можно и таквото барање да го упатат до Владата. За главното барање се обврзаа да обезбедат банкарска гаранција. Доколку Управниот одбор тоа го одобри, Фондот ќе се склучи судско порамнување со кое ќе се овозможи плаќање на 80 рати, ќе се издаваат сини картони и ќе се рефундираат средствата за добиените услуги кога не бил платен придонесот, но само откако 11 Октомври - Еуроламинат ќе достави банкарска гаранција во висина на главното побарување на Фондот во судската постапка.*

*По објаснуваењто, Управниот одбор едногласно одлучи да се прифати барањето на 11 Октомври - Еуроламинат и да се склучи судско порамнување со кое ќе се обезбеди сигурна наплата на долгот што овој обврзник го има по основ на неплатен придонес за здравствено осигурување.*

*За изземање на едната од целите - по барање на Страшо Наумоски*

*По барањето на Лекарската комора на Македонија за изземање на целта за извршени предавања, Управниот одбор едногласно донесе*

***Заклучок:*** *Да се упати препорака до комисијата за тромесечието кога образовните установи не работеа и неостварената цел да се смета како остварена.*

*Со тоа дневниот ред на седницата беше исцрпен и Управниот одбор во 13.40 часот заврши со работата.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Претседател,*** |
| | ***Снежана Костадиноска Милошеска*** |